# ЗБОРНИК
# НА
# ТРУДОВИ

## CONFERENCE PROCEEDINGS of the 1st International Conference – Challenges of Contemporary Families

**CONFERENCE PROCEEDINGS of the**

**1st International Conference – Challenges of Contemporary Families**
**University "Ss. Cyril and Methodius" – Skopje**
**Faculty of Philosophy – Skopje**
**Publisher:**
Faculty of Philosophy – Skopje
**For the publisher:**
Prof. Oliver Bakreski, Dean of the Faculty of Philosophy - Skopje
**International Scientific Program Board:**
Irena Avirovic Bundalevska, University "St. Cyril and Methodius" – Skopje
Makedonka Radulovic, University "St. Cyril and Methodius" – Skopje
Angelka Keskinova, University "St. Cyril and Methodius" – Skopje
Ratko Duev, University "St. Cyril and Methodius" – Skopje
Zoran Matevski, University "St. Cyril and Methodius" – Skopje
Anica Dragovic, University "St. Cyril and Methodius" – Skopje
Tatjana Stojanovska Ivanova, University "St. Cyril and Methodius" – Skopje
Marija Drakulovska Chukalevska, University "St. Cyril and Methodius" – Skopje
Lucia Jimenez, University of Seville, Spain
Angela Abela, University of Malta, Malta
Ana Antunes, University of Madeira, Portugal
Ivana Dobrotić, University of Zagreb, Croatia
Oriola Hamzallari, Aleksander Moisiu University, Albania
Nicolas Maslowski, Charles University in Prague, Poland
Nevenka Zegarac, University of Belgrade, Serbia
Mariana Buciuceanu-Vrabie, Academy of Economic Studies of Moldova
Ecaterina Grigoras, Academy of Economic Studies of Moldova
Tatyana Kotzeva, Bulgarian Academy of Sciences Department of Demography, Bulgaria
Kyriakos Demetriou, University of Nicosia, Cyprus
Nergis Ramo Akgün, Canakkale Onsekiz Mart University, Turkey
Salih Zeki Genç, Canakkale Onsekiz Mart University, Turkey
Muzaffer Özdemir, Canakkale Onsekiz Mart University, Turkey
**Editor in chief:** Prof. Irena Avirovic Bundalevska
**Secretary of the Proceedings:** Elena Chekova
**Macedonian Language Proofreding:** Liljana Jovanovska – Filadelfija Dooel
**Technical Editing:** Evropa 92, Kochani

## CONTENTS


Laklija M., Maja Karačić M.

**The Impact of Fostering on Foster Carers' Children - the Perspective of Experts from Regional Offices of the Croatian Institute for Social Work........11**

Dučkić Sertić A., Blažeka Kokorić S.

**The p-Process of Family Change and Recovery from Drug Addiction........32**

Malčić L., Blažeka Kokorić S., Dželalija S.

**Social Services for Divorced Parents in Croatia - Expert's Perspective........51**

Marić Ognjenović M.,Marković V., Stajić T.

**Analysis of the Parenting Support Program for Roma Families in the Republic of Serbia........73**

Grigoras E.

**Modern and Traditional Value Orientations Regarding Family and Childbirth: Evidence from GGS........94**

Mašić K., Mihić I, Marić-Ognjenović M.

**Parents' Beliefs on the Importance of Reading with Children from the First Days of Life........112**

Kaliterna Lipovčan L., Brajša-Žganec A., Džida M., Brkljačić T., Kućar M.

**Adolescent's Well-Being in Key Contexts TEEN-WELL – Project Presentation........134**

Brajša-Žganec A., Kaliterna Lipovčan L., Džida M., Kućar M., Brkljačić T.

**Family Structure as Moderator of Links between Mother's Life Satisfaction and Different Types of Social Support........147**

Sibinovska K.

**The Impact and Role of 4-Day Week on Work-Family Balance.....160**

Georgievska O., Jordanova Peshevska D., Tomovska Misoska A., Trajkova K.
**The Relationship between Parenting Styles in Childhood and Self-Esteem and Subjective Feeling of Happiness in Adulthood ......................185**

Ignovska E.
**The Legal Possition of Vulnarable Adults in the Republic of North Macedonia In-between the Authority of the State and the Family ..........................................................................203**

Martinović Grgurić J., Berc G.
**Intimate Partner Sexual Violence: Seeking Support from the Counselors' Perspective .............................................................220**

Kulić I., Milosavljević J., Krilović M.
**Family Mediation as a Model for Protecting the Best Interests of the Child ...........................................................................240**

Todorovska H., Keskinova A.
**Children in Early Adolescence from Families at Social Risk........260**

Vasev S., Simonovska S.
**The Transformation of Fatherhood in the Modern Family ..........278**

Karovska Ristovska A., Keskinova A., Chichevska-Jovanova N., Rashikj-Canevska O, Filipovska M., Nikolovska E, Ajdinski G.
**National Situation Analysis on Early Childhood Intervention in N. Macedonia: Perspectives of parents and caregivers ................290**

Ramo Akgün N., Zeki Genç S., Özdemir M.
**Problems Experienced by Families of Children with Autism Spectrum Disorders ....................................................................311**

Burgund Isakov A., Raleva M., Gaidazis S., Čalovska N.
**Contextualizing the Intervention: "Parenting for Lifelong Health for Adolescents and Their Families" - A Case Study from North Macedonia .........................................................................332**

Antonovska D.
**Work-Life Balance as a Catalyst for Gender Equality ....................351**
Krsteska – Papić B., Bilal S., Emin O.
**Reconciliation: A Transformative Tool for Families in Post-Conflict Environments ......................................................370**

Bilal S., Emin O., Krsteska – Papić B.
**Families and Intercultural Challenges .........................................385**

Trajkovski D.
**Family Violence with Reference to Violence Against Women......399**

Matevska V., Georgievska S.
**Fostering Practical Engagement: Exploring the Need for Social Work and Social Policy Students to Participate in Practical Work within HERA Initiatives...................................................409**

Petrovska N., Stanojkovska Trajkovska N., Kunovski I., Karovska Ristovska A., Georgievska S., Kostovska Frchkovska S.
**Parental Support through Promoting the Concept of Positive Parenting .........................................................................419**

Todorova B., Radulovik M.
**The Right to Part-Time Work of a Parent of a Child with Developmental Disabilities and Special Educational Needs .........428**

Avirovic Bundalevska I., Trpchevska M.
**Surrogacy: History and Challenges...............................................447**

Angeleska N.
**The impact of rare diseases on patients and their family members in functionality and daily life.......................................462**

Atanasova G.
**Implementation of Family Mediation in Macedonian Legislation and Institutions ..............................................................482**

Raleva M., Gaidazis Knezhevikj S., Pachoska N., Krstevska R., Damevska T., Stojanovska D., Dimitrovska A., Gkaitatzi Sazdov S.
**The Efficacy of PLH-Children Intervention Programme in Increasing p-Parenting Skills and Positive Parenting and Reducing Child Behavioral Problems: A Community-Based Implementation in North Macedonia ..........................................503**

Mishevska S., Ivanovska T.
**Recognition and Prevention of Domestic Violence at the Workplace..................................................................523**

Mitkovska K.
**Family Education through "Team Building Family" ....................538**

Olumcheva M., Olumchev S.
**Family and Parenting in the Digital World ..................................555**

# The Right to Part-Time Work of a Parent of a Child with Developmental Disabilities and Special Educational Needs

**Biljana Todorova[1], Makedonka Radulovik[2]**

**Abstract**

The paper analyzes the right to part-time work of one of the parents of a child with developmental disabilities and special educational needs, according to the provisions of the Law on Labor Relations. The purpose of the paper is to identify the challenges and potential issues that may arise when using this right, in correlation with other relevant laws and policies in the country, and to offer solutions for them. The main focus is on finding best practices and policies to support these parents in balancing their work and family responsibilities.

The methods that will be used include a detailed analysis of the legal provisions, as well as a survey of literature and studies related to the impact of working hours of parents of children with special needs. Through discussion and interpretation, the issues of balancing work and family life are considered, as well as the importance of the integration of this right into the wider framework of family policies.

The analyses made offer not only an understanding of the challenges but also propose concrete solutions to overcome them. Finally, it is concluded that to ensure the benefits of this right, it is necessary to integrate it into comprehensive family support as well as into the policies that support families in society.

The analysis in the paper is expected to make a significant contribution to the understanding of the challenges and opportunities that this right brings to both labor relations and society as a whole. It is expected that the recommendations and solutions derived from this research will serve as a basis for legislators and policies makers to create a better and more functional legal framework to support parents of children with developmental disabilities and special educational needs.

**Keywords:** Part-Time Work, Special Educational Needs, Child With Developmental Disabilities, Social Rights, Family-Friendly Policies, Family.

[1] Faculty of Law, „Goce Delcev University", Stip, North Macedonia

[2]University of „Ss. Cyril and Methodius", Faculty of Philosophy, Skopje, North Macedonia

*Corresponding author: biljana.todorova@ugd.edu.mk

# Правото на скратено работно време на родител на дете со развојни проблеми и посебни образовни потреби

**Билјана Тодорова[1], Македонка Радуловиќ[2]**

**Апстракт**

Во трудот се прави анализа на правото на скратено работно време на еден од родителите на дете со развојни пречки и посебни образовни потреби, според одредбите на Законот за работните односи (ЗРО). Целта на трудот е да се идентификуваат предизвиците и потенцијалните прашања што можат да се појават при користење на ова право, а во корелација со останатите релевантни закони и политики во земјава и да се понудат решенија за нив. Главниот фокус е на пронаоѓањето на најдобрите практики и политики за поддршка на овие родители во балансирањето на своите работни и семејни обврски.

Методите што ќе се користат, вклучуваат детална анализа на законските одредби, како и истражување на литературата кои се однесуваат на влијанието на работното време на родителите на деца со специфични потреби. Преку дискусија и толкување, се разгледуваат прашањата на балансирање на работата и семејниот живот, како и важноста на интеграцијата на ова право во поширoката рамка на семејните политики.

Направените анализи нудат не само разбирање на предизвиците туку и предлагаат конкретни решенија за нивно надминување. Конечно, се заклучува дека за да се осигураат придобивките од ова право, потребно е да се интегрира во целосната семејна поддршка како и во политиките што ги поддржуваат семејствата во општеството.

Анализата во трудот се очекува да донесе значителен придонес и во разбирањето на предизвиците и можностите што ги носи ова право и за работните односи и за општеството во целост. Се очекува препораките и решенијата што ќе се изведат од ова истражување да им послужат како основа на законодавците и креаторите на политики во развивањето на подобра и пофункционална правна рамка за поддршка на родителите на деца со развојни пречки и посебни образовни потреби.

**Клучни зборови**: Скратено работно време, Посебни образовни потреби, Дете со развојни пречки, Социјални права, Семејно-пријателски политики, Семејство.

## 1. Вовед

Работата со скратено работно време почна почесто да се практикува како манифестација на појавата на пофлексибилни и дестандардизирани пазари на труд од 1970-тите години, па наваму. Оттогаш, бројот на правни и економски студии кои се фокусираат на работа со скратено работно време значително се зголемува. Овие студии често анализираат работа со скратено работно време како една од нестандардните форми на договорите за вработување, нудејќи насоки за правилно распределување на работното време. Тие исто така се фокусираат на балансот помеѓу потребите на работниците и барањата на организациите за успешно извршување на работните задачи под различни околности, вклучувајќи различни сектори и видови работници (Kalleberg, 2000; Tilly, 1996).

Сепак, правната литература ретко се задлабочува во специфичните прашања поврзани со користењето на правото на скратено работно време од страна на родители на деца со развојни пречки. Недостатокот на фокус на оваа тема остави празнина во разбирањето на предизвиците со кои се соочуваат овие родители, како и на правните нејаснотии и различните толкувања при остварувањето на ова право (Lewis & Campbell, 2007).

Поради ова, иако работата со скратено работно време е добро истражувана како флексибилен работен однос, малку студии го анализираат влијанието и предизвиците за родителите на деца со развојни пречки. Овој труд има за цел да ги разјасни овие специфични правни и социјални прашања, како и да предложи подобрувања за унапредување на нивните права и социјална заштита.

## 2. Определување на поимот скратено работно време

Во Конвенцијата на Меѓународната организација на труд (МОТ) за скратено работно време, 1994 година (бр. 175), „работата со скратено работно време" е дефинирана како работни часови кои се пократки од оние со полно работно време за истото работно место (во земјата, секторот и занимањето), а „работник со скратено работно време" е вработено лице чии работни часови се пократки од оние на работниците со полно работно време за истото работно место (ILO, 1994). Клучна разлика за дефинирање на различни видови работа со скратено работно време е дали се бира доброволно или не. Доброволно се однесува на работници кои одлучиле да работат

со скратено работно време наместо да бараат вработување со полно работно време, додека недоброволното се однесува на работници кои, поради тоа што не можат да најдат вработување со полно работно време, работат со договори за вработување со скратено работно време (ILO, 1994).

Доброволното вработување со скратено работно време може да биде пат кон: вработување со полно работно време; средство/начин за комбинирање на вработувањето со студирање, обука, заради грижа за член на семејството; овозможување за прилагодување на лицата со лоша здравствена состојба да останат во работен однос; опција за делумно пензионирање што им овозможува на постарите лица да го продолжат нивниот работен век; или, едноставно работен однос кој остава време за други активности (ILO, 1994).

Во овој труд, фокусот на анализата е на правото на скратено работно време заради грижа за член на семејството, како социјално право на работникот кое во согласност со националното законодавство, поточно Законот за работните односи од 2015 година (ЗРО), им припаѓа на еден од родителите кој има дете со пречки во развојот и дете со посебни образовни потреби. Се поставува прашањето дали тие имаат еднакви можности и третман во текот на работниот век, можност за еднакво напредување, како и еднакви права од социјално осигурување.

## 3. Скратеното работно време како политика за семејно-работен баланс

Во многу европски земји се спроведуваат политики за пораст на бројот на вработени жени на пазарот на трудот, при што се преземаат многу мерки за да се поттикнат жените рамномерно како и мажите да учествуваат на пазарот на трудот. Ваквите политики се однесуваат на поддршката што им се дава на родителите (парична помош, обезбедување услови за детска заштита, права на различни видови отсуства), како и флексибилно работно време со флексибилни работни односи. Оттука, скратеното работно време или намаленото работно време може да има социјална димензија како дел од социјалните политики на земјите, за поединци и семејства да се справуваат со животни настани и ризици, заради подигнување на стапката на вработеност, посебно кај жените и оптимизирање на искористеноста на женските вештини, зголемена благосостојба на децата и семејна кохезија. Скратеното работно

време игра значајна улога во усогласувањето на вработувањето со обврската за нега на член на семејството.

Една од целите на Европскиот столб за социјални права е Иницијативата за рамнотежа помеѓу работата и животот, која се осврнува на предизвиците на рамнотежата меѓу работата и семејството со кои се соочуваат вработените родители и старателите. Столбот утврдува 20 клучни принципи и права за поддршка на фер и добро функционирање на пазарот на трудот структурирани околу три поглавја: еднакви можности и пристап до пазарот на трудот, фер услови за работа, социјална заштита и инклузија. За таа цел, неодамна во Европската Унија е донесена Директива за рамнотежа помеѓу работниот и професионалниот живот на родителите и старателите. Директивата поставува неколку нови или повисоки стандарди за родители кои отсуствуваат од работа поради грижа за деца, татковство и старателство и воведува поголема употреба на флексибилни договори за вработување. Таа има за цел да ја зголеми вклученоста на жените на пазарот на трудот и поголема употреба на родителско отсуство од работниците мажи (Directive (EU) 2019/1158).

Директивата предвидува можност на работниците да се грижат за роднините на кои им е потребна туѓа нега и поддршка. Ова значи дека родителите и старателите ќе можат подобро да го балансираат својот професионален и приватен живот, а работодавачите ќе имаат корист од помотивирани работници. Оваа директива е понатамошен чекор кон промовирање на еднаквоста меѓу жените и мажите низ Европската Унија. Се очекува дека ќе го намали обемот на неплатена работа што ја преземаат жените и ќе им овозможи повеќе време за платено вработување (European Commission, 2019).

Работата со скратено работно време е погодна за подобрување на рамнотежата помеѓу работата и животот, но постои ризик дека може да ги зајакне, па дури и да ги продлабочи родовите нееднаквости бидејќи според досегашните истражувања, најчесто жените се оние кои работат со скратено работно време и се вработуваат на пониско платени работни места (OECD, 2016). Според истражувањето на Европската агенција за фундаментални права (FRA), околу 15% од родителите на деца со посебни потреби во Европската Унија користат скратено работно време за да се грижат за своите деца. Овој процент е значително повисок во некои земји како Холандија и Германија, каде што достигнува до 25 % (FRA, 2017).

Стапките на вработеност на родителите на деца со посебни потреби варираат значително, но генерално се пониски отколку кај родителите на деца без посебни потреби. Според податоците од Европската комисија, вработеноста на мајките на деца со посебни потреби е за околу 20 % пониска од вработеноста на мајките на деца без посебни потреби (European Commission, 2019).

Истражувањата покажуваат дека родителите кои користат скратено работно време, пријавуваат подобрен баланс меѓу работа и приватен живот. Според студијата на Организацијата за економска соработка и развој (ОЕЦД), околу 70 % од родителите на деца со посебни потреби кои користат скратено работно време, пријавуваат подобрено задоволство од животот и намалено ниво на стрес (OECD, 2016).

Задоволството од работата е исто така значаен аспект што треба да се разгледа. Истражување спроведено од страна на Европскиот центар за мониторинг на промените (EMCC) покажува дека околу 60 % од родителите на деца со посебни потреби кои користат скратено работно време се позадоволни од нивните работни услови и можности за професионален развој, во споредба со оние кои работат со полно работно време (EMCC, 2018).

Националните политики за „семејно-работен" баланс, во контекст на пошироките мерки на пазарот на трудот (на пример, мерките за еднаков третман на работниците со скратено работно време и еднакви права од социјално осигурување), играат значајна улога во распределбата на обврските за нега (време, енергија, финансиски барања) кај семејствата кои се грижат за деца со пречки во развојот и деца со посебни образовни потреби. Поради тоа што најчесто жените се тие кои остануваат дома за да се грижат за своите деца, ваквите политики придонесуваат за родова еднаквост преку создавање стимулации и поддршка за жените да бидат вклучени како активни учесници на пазарот на труд (Lewis, Campbell & Huerta, 2008).

## 4. Дете со развојни пречки и посебни образовни потреби

Во литературата и законодавството, но и во практиката, се употребуваат голем број различни термини за дефинирање на поимот дете со развојни пречки и посебни образовни потреби. Повеќе автори се обидуваат да дадат комплетна и соодветна терминолошка дефиниција за оваа состојба, притоа пристапувајќи

од различни аспекти. Акцент се става на мултидисциплинарниот карактер на самата состојба и од кој аспект се разгледува научниот домен, односно дали е застапен педагошкиот, медицинскиот, психолошкиот и друг домен. Според анализата на најзастапените термини во меѓународните и националните документи, како и во одделни европски земји, заклучуваме дека тоа се термините: лица со инвалидност (како општ термин) и деца со посебни потреби (кога терминот посебно се употребува за деца) (WHO, 2001; UNICEF, 2013).

Поимот лица со посебни потреби и специјални образовни потреби се појавува во 1994 година по објавувањето на Извештајот на УНЕСКО од Саламанка за специјално образование. Во овој извештај видливо е дека никаде не е спомнат терминот специјални потреби без зборот „образовни“. А кога ќе се спомне лице, тогаш се употребува терминот лице или дете со попреченост (UNESCO, 1994). Меѓународно прифатената дефиниција за попреченост е обезбедена од Светската здравствена организација (СЗО) и ја опфаќа концептуалната рамка дефинирана во „Меѓународната класификација на функционирање, попреченост и здравје“ (ICF). Според СЗО, попреченоста е дефинирана како: „Општ термин што опфаќа нарушувања, ограничувања на активностите и ограничувања на учеството. Нарушувањето е проблем во функцијата или структурата на телото; ограничувањето на активностите е тешкотија што едно лице ја има при извршувањето на задачи или активности; додека ограничувањето на учеството е проблем што едно лице го има во вклучувањето во животни ситуации“ (WHO, 2001). Оваа дефиниција нагласува дека попреченоста не е само медицински проблем, туку и социјален феномен кој произлегува од интеракцијата меѓу поединците и општеството во кое живеат.

Декларацијата за правата на детето, усвоена од Обединетите нации во 1959 година, не обезбедува специфична дефиниција за попреченост. Меѓутоа, Конвенцијата за правата на детето (КПД), која беше усвоена подоцна, во 1989 година, вклучува значајни одредби за децата со попреченост. Според Конвенцијата за правата на детето, член 23, се признаваат специјалните потреби на децата со попреченост и се бара од државите потписнички да обезбедат целосно и пристојно учество на овие деца во општеството:

„1. Државите членки признаваат дека дете со ментална или физичка попреченост треба да ужива полноважно и пристојно животно учество во услови кои обезбедуваат достоинство,

промовираат самостојност и го олеснуваат активното учество на детето во заедницата.

2. Државите членки го признаваат правото на детето со попреченост на специјална грижа и ќе ја охрабруваат и обезбедуваат, во рамките на достапните ресурси, помошта која му е потребна на детето и на оние кои се грижат за него.“ (UN, 1989)

Конвенцијата за правата на детето подетално ја разгледува потребата за поддршка и еднакви можности за децата со попреченост, нагласувајќи ја важноста на нивното целосно учество во општеството и уживање на сите права загарантирани со Конвенцијата.

На национално ниво, Уставот на Република Северна Македонија од 1991 година не дефинира специфично што се смета за попреченост. Сепак, во неколку законски и подзаконски акти се користат различни термини за означување на лица кои имаат физички или психички пречки во развојот.

Најновата терминолошка определба што се однесува на лицата со пречки во развојот е деца со посебни образовни потреби. Терминот деца со посебни образовни потреби е употребен и во Извештајот на Европската агенција за развој на специјалното образование од јануари 2003 година (Ајдински, Киткањ, Ајдински, 2007). Од 2004 година и кај нас сè повеќе се употребува терминот деца со посебни образовни потреби. Деца со посебни образовни потреби се сите деца и младинци кои имаат тешкотии во учењето како последица на попреченоста или некои други неповолни околности, па им се потребни посебна помош и поддршка во текот на образованието. Терминот е прифатен и во Законот за основното образование од 2019 година и во Законот за средното образование од 1995 година. И во Законот за основното и во Законот за средното образование се користи терминот ученици со посебни потреби кои се вклучени во посебното образование, а тоа се деца и младинци: со оштетен вид; со оштетен слух; со телесен инвалидитет, со пречки во психичкиот развој; со проблеми во поведението; со аутизам; со комбинирани пречки (мултихендикеп).

Во ЗРО, во глава XII (член169) која е посветена на посебната заштита на работниците, се употребува терминот дете со развојни проблеми и посебни образовни потреби, каде што е уредено правото на еден од родителите на дете со развојни проблеми и посебни образовни потреби да има право да работи со половина

од полното работно време ако двајцата родители се во работен однос или ако родителот е самохран, врз основа на наод од надлежна лекарска комисија, ако детето не е сместено во установа за социјално-здравствено згрижување. Во следниот став од истиот член е пропишано дека скратеното работно време се смета како полно работно време, а правото на надомест на плата се исплатува според прописите за социјална заштита.

Во Законот за социјалната заштита од 2019 година се користи терминот „лице со попреченост" како лице кое има долготрајни телесни, интелектуални, ментални или сетилни нарушувања кои во интеракција со различни пречки може да го спречат неговото целосно и ефикасно учество во општеството на еднаква основа со другите.

Во Правилникот за начинот за остварување на правото на надоместок на плата за скратено работно време, образецот на барањето и документацијата за остварување на правото (Службен весник на РСМ, бр. 109 од 28.5.2019 година) се користи поинаква терминологија од онаа во ЗРО. Дете со попреченост и најтешки облици на хронични заболувања е дете со: оштетен вид (потполно слепо) или слабовидно кое што поради степенот на сензорното оштетување не е во состојба самостојно да се движи и опслужува, стекнати и вродени трајни пречки или оштетувања на локомоторниот систем и облици на локомоторна дисфункција, кое што своите основни, биолошки и социјални потреби ги извршува само со постојана грижа и нега од друго лице, тешки и најтешки пречки во менталниот развој, аутизам, кој што се карактеризира со квалитативно оштетување на реципрочните социјални интеракции, на невербалната, вербалната комуникација и имагинација, како и со ограничен број активности и интересирања или комбинирани пречки во развојот каде што се присутни најмалку два или повеќе видови пречки во развојот.

Може да се забележи дека законите и правилниците во нашата држава ги дефинираат правата и потребите на децата со развојни пречки и посебни образовни потреби, обезбедувајќи им соодветна поддршка во образованието и секојдневниот живот. Со прецизна класификација на различните видови попречености, тие овозможуваат поголема инклузија и еднакви можности за сите деца и младинци во општеството. Меѓутоа, иако законите и правилниците во нашата држава ги дефинираат правата и потребите на децата

со развојни пречки и посебни образовни потреби, малку студии се фокусираат на предизвиците со кои се соочуваат родителите при користење на правото на скратено работно време.

## 5. Услови за користење на правото

Условите за користење на правото родителот да работи со половина работно време поради грижа за дете со развојни пречки и посебни образовни потреби треба да се исполнети кумулативно. Тие се: двајцата родители да се во работен однос или пак, родителот да е самохран; вториот услов е да постои наод од надлежна лекарска комисија; и третиот услов е доколку постои наод кај детето, тоа дете да не е сместено во установа за социјално-здравствено згрижување.

Според ЗРО, како *lex generalis* за вработени се сметаат лицата кои имаат склучен договор за вработување. Бидејќи членот 169 од истиот Закон не го прецизира видот на договорот за вработување со кој работникот засновал работниот однос, ова остава претпоставка дека предвид ќе се земе секој работен однос, без разлика на видот на договорот за вработување. Се поставува прашањето дали ова право може да се користи во случај едниот од родителите да работи со работно време пократко од полното работно време или пак, се бара договорот за вработување на двајцата родители да е склучен со полно работно време, кое во согласност со ЗРО може да биде најмалку 36 часа, а најмногу до 40 часа. И нејасно е дали ова право ќе му биде признато на родителот доколку станува збор за самовработено лице или лице кое е индивидуален земјоделец.

Покрај на еден од родителите доколку и двајцата родители се живи и познати, ова право му следува и на родителот кој е самохран. Во согласност со дефиницијата во Законот за социјална заштита, за самохран родител се смета родител кој сам ги врши родителските права и должности за детето, поради тоа што другиот родител е непознат, починат, исчезнат или од оправдани причини привремено или трајно не ги извршува родителските права и должности.

Стручниот орган (кој работи во состав на установата) кој дава наод и мислење за оцена на видот и степенот на попреченост и посебните потреби на лица со пречки во развојот, ги определува посебните потреби на детето во согласност со Законот за заштита на децата, Законот за социјалната заштита, Законот за здравствената заштита, Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност и прописите од областа на образованието. Од страна на стручниот

орган (установа) се дава наод и мислење за оцена на видот и степенот на попреченост и посебните потреби на лица со пречки во развој по издадена упатница од центарот за социјална работа или по барање на родителот/старателот. Наодот и мислењето за оцена на видот и степенот на попреченост и посебните потреби на лица со пречки во развојот, установата го издава во форма на решение. Ова решение претставува клучен основ за уживање на правото на родителот/ите за користење на правото на работа со скратено работно време.

И најпосле, третиот услов е детето да не е сместено во установа за социјално-здравствено згрижување, туку да живее со родителите кои се грижат за него. Што се однесува до возраста на детето, за разлика од претходното законско решение кое предвидуваше ограничување на ова право до определена возраст на детето, односно 26 години, во согласност со измените на Законот за социјална заштита од 1997 година, кои беа направени во ноември 2017 година (сега вон сила, но истото решение е преземено и во важечкиот Закон од 2019 година), се овозможи сите родители кои го користат правото на скратено работно време, истото да го користат и по навршување на 26 години на детето. Измените на Законот за социјална заштита од 2017 година, кои го отстрануваат возрасното ограничување од 26 години, претставуваат значаен чекор кон обезбедување долгорочна поддршка за родителите на деца со развојни пречки. Оваа позитивна промена во законот ги заштитува правата на родителите и децата со развојни пречки и ги олеснува социјалните услови за живеење и развој.

Во Правилникот за начинот за остварување на правото на надоместок на плата за скратено работно време, образецот на барањето и документацијата за остварување на правото (Службен весник на РСМ, бр. 109 од 28.5.2019 година), се наведува дека родителите на дете со попреченост или најтешки облици на хронични заболувања можат да го остварат правото на надоместок на плата доколку работат со скратено работно време. Ова право може да се користи ако родителите ги исполнуваат следните услови:

1. Детето има оштетен вид, трајни пречки на локомоторниот систем, тешки пречки во менталниот развој, аутизам или комбинирани пречки.
2. Барањето за остварување на правото се поднесува до центарот за социјална работа каде што подносителот има

живеалиште, заедно со потребната документација (изводи од матичната книга на родените за родителот и детето, решение од работодавачот за скратено работно време и решение за вработување на родителите или старателот).

Сметаме дека за да биде инклузивно законското решение, треба да се толкува во смисла дека ги опфаќа сите типови договори за вработување, како и самовработените лица и индивидуалните земјоделци. Со ова ќе се обезбеди рамноправност и ќе се заштитат правата на сите родители. Исто толку важна е потребата да се обезбеди дека сите категории родители се информирани за своите права и процесот на добивање на истите. Потребна е поширока поддршка од општеството и надлежните институции за да се обезбедат дополнителни ресурси и услуги за семејствата на деца со развојни пречки. Во целост, законското решение претставува значаен чекор кон обезбедување поддршка и заштита за родителите на деца со развојни пречки. Сепак, неговата ефективност зависи од практичната примена и поддршката од сите релевантни страни.

## 6. Остварување на правото на работа со скратено работно време

Со ЗРО (член 169) е уредено дека скратеното работно време се смета како полно работно време, а правото на надомест на плата се исплатува според прописите за социјална заштита, како што е Законот за социјалната заштита, каде што е нормиран надоместокот на плата за скратено работно време поради нега на дете со телесни или ментални пречки во развојот (член 82). Оваа законска одредба обезбедува значителна заштита и флексибилност за родителите кои мора да се грижат за деца со посебни потреби, дозволувајќи им да балансираат меѓу професионалните обврски и семејните потреби.

Според член 82 од Законот за социјалната заштита, висината на надоместокот на плата изнесува 50 % од просечната нето-плата за полно работно време на родителот исплатена во претходната година, односно 100 % од просечната нето-плата за скратено работно време исплатена во претходната година, но најмногу до 50 % од просечната нето-плата во Република Северна Македонија за претходната година, објавена од Државниот завод за статистика. Оваа мерка е позитивна бидејќи обезбедува финансиска поддршка за родителите, но истовремено може да биде недоволна за

покривање на сите трошоци поврзани со грижата за дете со посебни потреби.

Надоместокот е усогласен со порастот на трошоците на живот за претходната година, објавени од Државниот завод за статистика, во јануари за тековната година. Ова е значајно бидејќи гарантира дека надоместокот се прилагодува со инфлацијата, што помага во одржување на куповната моќ на родителите.

Ова право родителот го остварува со поднесување барање. Барањето за остварување на правото на надоместок на плата за скратено работно време поради нега на дете со попреченост и најтешки облици на хронични заболувања се поднесува до центарот за социјална работа на подрачјето каде што подносителот има живеалиште. Процесот на поднесување барање е јасен, но би можел да биде комплексен и потребно е да се обезбедат дополнителни ресурси за олеснување на постапката за родителите.

По поднесеното барање надлежниот Центар за социјална работа испитува дали е содржана целокупната документација, по што одлучува со решение, а правото се стекнува со правосилноста на одлуката. Ова е важен аспект бидејќи осигурува дека само квалификувани случаи ќе добијат поддршка, но исто така може да предизвика одложувања во добивањето на потребната помош.

Кога вработен или самовработен родител користи родителско отсуство во моментот на поднесувањето на барањето, користењето на правото на работа со скратено работно време за да се грижи за дете со развојни пречки и посебни образовни потреби, се стекнува првиот нареден ден по престанување на користењето на правото на родителско отсуство. Оваа одредба е многу корисна бидејќи обезбедува непрекината поддршка за родителите.

Придонесите и другите обврски се пресметуваат и наплатуваат во согласност со Законот за пензиското и инвалидското осигурување, додека социјалните придонеси се пресметуваат и плаќаат во согласност со Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување. Ова обезбедува дека родителите кои работат со скратено работно време, ќе имаат соодветно осигурување и ќе можат да ги користат сите социјални права.

Остварувањето на правото започнува со поднесување на барање од страна на родителот или старателот на детето. Ова барање за остварување на правото (со потребната документација) се доставува до Центарот за социјална работа кој функционира на

подрачјето на кое подносителот живее. Правото се остварува од денот на поднесувањето на барањето. Ова обезбедува брз пристап до поддршката, што е од суштинско значење за родителите.

Корисникот на правото е должен за настанатите промени во околностите за остварување на правото да го извести навремено центарот за социјална работа, најдоцна во рок од 15 дена. Ова е важно бидејќи осигурува дека поддршката се користи само кога е навистина потребна и се спречуваат злоупотреби.

Центарот за социјална работа како надлежен орган има право да го испита оствареното право и околностите врз кои истите е остварено, најмалку еднаш годишно. Ова е корисно бидејќи овозможува редовна проверка и осигурува дека средствата се користат ефективно и правилно.

ЗРО прави дополнителна заштита на корисниците на ова право како забрана на отказ поради родителство. Оваа заштита е многу важна бидејќи осигурува дека родителите нема да бидат дискриминирани или отпуштени поради своите обврски за грижа за дете. Имено, работодавачот не смее да го откаже договорот за вработување на работникот за време на бременост, раѓање и родителство, за време на сместување на дете кај посвоител, отсуство од работа за родителство од страна на татко или посвоител на дете и скратено работно време поради грижа за дете со развојни пречки и посебни образовни потреби и спреченост за нега на дете до тригодишна возраст (ЗРО, член 101). Оваа одредба е од суштинско значење за заштита на работните права на родителите и осигурува дека тие можат да се грижат за своите деца без да се плашат за својата работа. Отказот на договорот за вработување е ништовен доколку на денот на врачувањето на отказот работодавачот бил запознаен со околностите, или доколку работникот во рок од 15 дена од врачувањето на отказот го извести работодавачот за постоење на овие околности со доставување на добиеното решение од центарот за социјална работа. Оваа одредба дополнително ја зајакнува правната заштита на родителите и осигурува дека тие ќе можат да ги заштитат своите права дури и ако работодавачот се обиде да го заобиколи законот.

## 7. Заклучок

Скратеното работно време, дефинирано во Конвенцијата на МОТ, нуди флексибилност за работниците кои доброволно го избираат овој вид вработување, но исто така претставува и неопходно решение за оние кои не можат да најдат вработување со полно работно време. Признавањето на скратеното работно време како социјално право за родителите на деца со развојни пречки е од особено значење, бидејќи поставува прашања за еднакви можности и права во текот на нивниот работен век.

Политиките за скратено работно време играат клучна улога во подобрувањето на семејно-работниот баланс, особено за родителите на деца со развојни пречки и посебни образовни потреби. Иако овие мерки ја зголемуваат вклученоста на жените на пазарот на труд и придонесуваат за родова еднаквост, постои ризик тие да ги зајакнат родовите нееднаквости поради честото користење на скратеното работно време од страна на жените, што може да резултира во пониски плати и ограничени кариерни можности. Затоа, неопходно е внимателно осмислување и спроведување на овие политики за да се обезбеди фер и инклузивен пазар на труд за сите работници.

ЗРО и останатите правни прописи во нашата држава прецизно ги дефинираат правата и потребите на децата со развојни пречки и посебни образовни потреби, обезбедувајќи им соодветна поддршка во образованието и секојдневниот живот. Со прецизна класификација на различните видови попречености, тие овозможуваат поголема инклузија и еднакви можности за сите деца и младинци во општеството. Меѓутоа, иако законите и правилниците во нашата држава ги дефинираат правата и потребите на децата со развојни пречки и посебни образовни потреби, малку студии се фокусираат на предизвиците со кои се соочуваат родителите при користење на правото на скратено работно време.

Понатаму, овој труд детално ги опишува условите кои родителите мора да ги исполнат за да го користат правото на скратено работно време поради грижа за дете со развојни пречки и посебни образовни потреби. Кумулативната природа на овие услови вклучува вработување на двата родители или самохран родител, медицинско мислење од надлежна комисија и детето да не е сместено во социјално-здравствена установа. Прецизирањето дека родителите мора да имаат склучен договор за вработување, остава простор за прашања за видот на договорите, особено во случаи кога еден

родител работи со скратено работно време или е самовработен. Стручниот орган игра клучна улога во оценувањето на попреченоста и потребите на детето, издавајќи решение кое е основа за користење на ова право. Измените на претходниот Закон за социјална заштита од 2017 година, кои го отстрануваат возрасното ограничување од 26 години, претставуваат значаен чекор кон обезбедување долгорочна поддршка за родителите на деца со развојни пречки.

Во заклучокот од оваа анализа, се идентификуваат неколку клучни препораки за идни истражувања кои можат значително да придонесат за подобрување на правната и социјалната рамка за родителите на деца со развојни пречки и посебни образовни потреби. Прво, потребно е проширување на правната рамка за скратено работно време со цел да се опфатат сите видови договори за вработување, вклучувајќи и самовработените лица. Ова би обезбедило еднаква можност за сите родители да ги користат овие права, без оглед на типот на нивниот работен однос.

Дополнително, од суштинско значење е да се спроведат детални студии за тоа како скратеното работно време влијае врз кариерниот напредок на родителите, особено на жените, и да се предложат мерки за минимизирање на негативните ефекти. Во контекст на родовата еднаквост, истражувањата треба да се фокусираат и на стимулирање на мажите да користат скратено работно време и други флексибилни работни услови со цел да се постигне поголема родова еднаквост.

Исто така, неопходно е да се анализираат финансиските и социјалните импликации од воведувањето мерки за скратено работно време, вклучувајќи го и ефектот врз семејниот приход и квалитетот на живот. Интердисциплинарните пристапи кои вклучуваат соработка помеѓу различни сектори како што се образованието, социјалната заштита и здравството, исто така треба да бидат предмет на истражување за да се процени нивната ефективност во поддршката на семејствата на деца со развојни пречки.

Психолошките и емоционалните аспекти на родителите кои користат скратено работно време, вклучувајќи нивото на стрес, задоволство од животот и општата благосостојба, треба да се истражат детално за да се обезбеди сеопфатна поддршка. Улогата на новите технологии и дигитализацијата во овозможувањето на

флексибилно работно време и поддршката на родителите на деца со развојни пречки, исто така, заслужува внимание.

Континуираното следење и евалуација на постојните политики за скратено работно време е неопходно за да се идентификуваат области за подобрување и адаптација на нови мерки базирани на потребите на родителите. Во овој контекст, анализата на улогата на работодавачите во обезбедувањето флексибилни работни услови и можностите за воведување финансиски стимулации за компаниите кои поддржуваат вработени родители на деца со развојни пречки, е од големо значење.

Конечно, спроведувањето на меѓународни компаративни студии би можело да помогне во утврдувањето на најдобрите практики и политики кои можат да се применат во локалниот контекст, обезбедувајќи поинклузивен и поддржувачки систем за сите родители на деца со развојни пречки и посебни образовни потреби.

Со овие мерки и препораки, може да се стремиме кон создавање на правна и социјална средина која ќе ги поддржува родителите на деца со развојни пречки и ќе обезбеди еднакви можности за сите учесници на пазарот на труд.

**Литература:**


Directive (EU) 2019/1158 of the European Parliament and of the Council of 20 June 2019 on work-life balance for parents and carers. Available at: https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=CELEX-:32019L1158 (Accessed: 18 June 2024).

EMCC (2018) Work-life balance and flexible working arrangements in the EU. Dublin: Eurofound.

European Commission (2019) Employment and Social Developments in Europe: Annual Review 2019. Brussels: European Commission.

FRA (2017) Challenges and barriers in ensuring the rights of people with disabilities: Equality of access to healthcare services. Vienna: FRA.

ILO (1994) Part-Time Work Convention, 1994 (No. 175). **Достапно на**: https://www.ilo.org/dyn/normlex/en/f?p=NORMLEXPUB:12100:0::NO::P12100_INSTRUMENT_ID:312320 (**Пристапено**: 18 June 2024).

Kalleberg, A. L. (2000) *Nonstandard Employment Relations: Part-time, Temporary, and Contract Work*, Annual Review of Sociology, 26, pp. 341–365.

Lewis, S. and Campbell, M. (2007) *Work/Family Balance Policies in the UK since 1997: A New Departure?,* Journal of Social Policy, 36(3), pp. 365–381.

Lewis, S., Campbell, M. & Huerta, C. (2008) Work, Family, and Care: A Guide to Everyday Issues. Hoboken: Wiley-Blackwell.

OECD (2016) OECD Family Database. Paris: OECD Publishing.

Tilly, C. (1996) *Half a Job: Bad and Good Part-Time Jobs in a Changing Labor Market*. Philadelphia: Temple University Press.

UN (1989) Convention on the Rights of the Child. **Достапно на**: https://www.un.org (**Пристапено**: 18 June 2024).

UNESCO (1994) Salamanca Statement and Framework for Action on Special Needs Education. **Достапно на**: https://www.unesco.org (**Пристапено**: 18 June 2024).

UNICEF (2013) The State of the World's Children 2013: Children with Disabilities. **Достапно на**: https://www.unicef.org (**Пристапено**: 18 June 2024).

WHO (2001) International Classification of Functioning, Disability and Health (ICF). **Достапно на**: https://www.who.int (**Пристапено**: 18 June 2024).

**Ајдински, Г., Киткањ, З., Ајдински, Љ. (2007). Основи на дефектологија. Куманово: Македонска ризница.**

**Закон за основното образование** (2019) Службен в. на РМ бр.: 161/2019 од 5.8.2019 година.

**Закон за работните односи** (**20**05) Службен в. на РМ бр.: 62/2005 од 28.7.2005 година

**Закон за социјалната заштита** (2019) Службен в. на РМ бр.: 104/2019 од 23.5.2019 година

**Закон за средното образование КОНСОЛИДИРАН ТЕКСТ** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017, 64/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/2020).

Правилник за оцена на специфичните потреби на лицата со пречки во физичкиот или психичкиот развој (2000) Службен в. на РМ бр.: 30/2000 од 19.4.2000 година

Правилник за начинот за остварување на правото на надоместок на плата за скратено работно време, образецот на барањето и документацијата за остварување на правото (2019) Службен весник на РСМ, бр. 109 од 28.5.2019 година